
ОПШТИНА
СТРУМИЦА
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА СТРУМИЦА



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски

# ВИЗИЈА И ПОЛИТИКИ ЗА РАЗВОЈОТ НА СТРУМИЦА



Почитувани сограѓани, драги Струмичани,

На овие локални избори Струмица се наоѓа пред многу важен, историски значаен момент на донесување на одлука.

Струмица одлучно ќе избере да живее според нови начела.

Струмица ќе избере да го врати принципот на одговорност кон граѓаните, одговорност на институциите, одговорност кон самите себе и кон идните генерации.

Како лојален, одговорен и горд жител на нашата Струмица имам чест да застанам пред Вас како кандидат на ВМРО-ДПМНЕ за градоначалник на Општина Струмица.

Најважното начело кое ние како струмичани го уважуваме е вредноста на дадениот збор. Токму затоа пред Вас излегувам со предложенава Програма.

Програмата е составена врз основа на проблемите кои ги измачуваат нашите сограѓани, многу од идеите се доставени од вас. На овие избори Програмата и нејзината издржаност ја проверувавме со искусни професионалци.

Токму во тоа е нашата предност. Не нудиме пред граѓаните ништо што е невозможно. Се обврзуваме на нешто што во што сите заедно и чесно веруваме и се зафаќаме да го оствариме.

Се обврзувам секој од овде напишаните редови да стане реалност на Струмица. Реалност во поддршка на еколошкиот, здрав и чист живот.

Нови сериозни активности за образованието и воспитанието на нашите деца. Значајни промени во инфраструктурата, сообраќајот, трговијата, можности за стопанството.

Општината мора да игра важна улога во привлекување и реализација на проекти и инвестиции во локалната економија. Тоа е клучно за економскиот раст и развој, создавање на нови работни места и социјална добросостојба на жителите.

На следниве страници од мојата Програма можете да ги проследите предлог-проектите кои ви ги нудам како градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ за кои сметам дека вистински ќе допринесат за развој и просперитет на Општина Струмица.

Ви благодарам,
Петар Јанков

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Никола Маџунков - Носител на листа
2. Евица Трајанова
3. Владимир Ристов
4. Павлина Галева
5. Кире Синдраковски
6. Анкица Ангова
7. Ќемал Сулејманов
8. Мила Велкова
9. Методија Иванов
10. Јован Симевски
11. Кристина Ментинова Манчева
12. Панче Стојков
13. Петре Танчев
14. Никола Андонов
15. Елена Пандева
16. Методија Пасков
17. Ели Велева
18. Горги Христов
19. Милица Миова
20. Трајче Трајков
21. Софче Јанева
22. Христијан Ефтимов
23. Меланија Ристова



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

- Изградба на ново Основно училиште во населба Карпош;
- Решавање на проблемот со водата за пиење преку Акредитација на лабораторијата на Струмичкиот водовод;
- Реконструкција на патен правец Струмица - с. Просениково до мостот на река Турија;
- Спортска сала во ОУ „Сандо Масев“;
- Повеќенаменско игралиште во с. Банско;
- Доизградба на булеварот „Климент Охридски“ од потегот кај Жито Струмица до ул. „Ѓорѓи Василев“ во соработка со ЈПДП;
- Решавање на проблемот на поплавите на ул. „Младинска“ и дел од бул. „Ленинова“ преку проширување на капацитетот на канализационата мрежа.



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## Изработка на Проектна документација за изградба на Експресен пат, делница од спој со А1- Струмица-Обиколница на Струмица-Граница со Република Бугарија.

Овој проект ќе се реализира од страна на Владата на Република Македонија и ЈПДП, во соработка со Општина Струмица.

**Извор на финансирање:** Буџет на ЈПДП, Општина Струмица.

## Нов цевковод од вештачко езеро Турија до фабриката за вода во Струмица

Досегашниот цевковод кој ја снабдува фабриката за вода со сурова вода е од крајот на седумдесеттите години и е од азбестно цементни цевки.

Планирано е изготвување на Елаборат -проект за нов цевковод од полиетиленски цевки со дијаметар од Ф 600 кои ќе го снабдува со вода градот како до сега од вештачкото езеро Турија во должина од 14 км. Со тоа постоечкиот азбестно цементен цевковод со кој се снабдува градот со вода нема да биде во употреба.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, Централна власт.

## Акредитација на Лабораторијата на Струмичкиот водовод

За потребите на Струмичкиот водовод ќе се набават два нови озонатори и деструктор за прифаќање на неврзаниот озон, произведен од озонаторите кои се користат во процесот за преработка на водата.

Модернизација на лабораторијата и нејзина акредитација кој ќе се изврши по одредени правила и норми, со тоа граѓаните ќе добијат на квалитет и сигурност во исправноста на водата. Во истата лабораторија се врши и испитувања на квалитетот на водата и од населените места.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, Централна власт.

## Доизградба на булеварот „Климент Охридски“ од потегот кај жито Струмица до ул. „Ѓорѓи Василев“

Предвидено е довршување на булеварот „Климент Охридски“ со пропратна инфраструктура, тротоари и хортикултурно уредување по должината на тротоарите. Подобро и побрзо сообраќајно решение, безбедност во сообраќајот како и подобрена мобилност на граѓаните.

**Извор на финансирање:** Министерство за транспорт и врски.

### Старата Струмичка Чаршија

Струмичката Чаршија по која Струмица е препознатлива, ќе добие нов изглед. Во делот на пресекот со улиците „Ванчо Прќе" и „1 Мај" во правец кон Старата пошта. Чаршијата ќе биде поплочена со калдрма со автентичен старогpадски изглед. Оваа зона ќе биде со ограничена брзина на движење од 30 km/h.

По барање и со претходен договор со сопствениците на објектите на Старата Струмичка Чаршија ќе бидат реконструирани.

Носител на проектот е Министерство на Р.М.

### Континуирано тампонирање на полските патишта

Струмичкиот регион е познат по производството на земјоделски производи кои најголем дел завршуваат на странските пазари, а тоа имаа голема улога во девизниот прилив на државата. Патиштата кои водат до обработливите површини на земјоделците во Општина Струмица со години не се одржуваат, затоа е потребно континуирано подобрување на нивната инфраструктура.

Преку тампонирање на тие патишта, земјоделците ќе можат непречено во подобрени услови да одат да ги обработуваат нивните земјоделски површини и нормално добиеното производство, соодветно по соодветни полски патишта да го одведат до откупните центри.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## Комунални работи

### Зајакнување на капацитетите на ЈП Комуналец -Струмица

- Обновување на механизацијата со набавка на нови машини, возила за смет, нови подземни контејнери како и контејнери за селекција на смет.
- Во делот на градско зеленило ќе ги зголемиме капацитетите за граѓаните да добијат подобра услуга односно позелена и поубава Општина. Проектот Зелена агенда ќе биде спроведен и реализиран од ЈП Комуналец оддел на градско зеленило.
- Депонијата Шапкар која ја користи ЈП Комуналец ќе биде подобро одржувана и подобро управувана. Набавка на соодветна механизација која ќе се користи за распоредување на сметот при одлагањето на истиот и негово планско распоредување на депонијата. Видео надзор и 24-часовна чуварска служба. Чување на соодветна количина на тампон-песок за брза реакција при несакано опожарување на депонијата.
- Набавка на нови корпи за отпадоци за домаќинствата за селекција на отпад на останатиот дел од градот за селекција на ПЕТ и алуминиумска амбалажа.

- Набавка на преса за пресување на ПЕТ и алуминиумската амбалажа. Со тоа ЈП Комуналец ќе имаме намалување на количините на отпад кој се депонира на депонијата, а притоа ќе имаме и одреден приход од селекцијата на отпад.
- Стоп за дивите приклучоци. Во периодот што доаѓа континуирано ќе работиме на намалување на загубите на вода и елиминирање на дивите приклучоци кои прават штета на ЈП Комуналец исто така и штета на граѓаните кои уредно си ги сервисираат сметките на ЈП Комуналец.
- Стоп за дивите депонии.
- Планско пошумување на ридовите околу градот, континуирано во текот на целиот мандат.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, донации.

## Проект за спречување на поплавите на ул. „Младинска“ и дел од бул. „Ленинова“

Проектот ќе се одвива во повеќе фази.

- Планско пошумување на ридовите околу градот-заштитено подрачје кое ќе ја подобри апсорпцијата на водата од врнежите и преку природна дренажа ќе има ефект на намалување на водите кои навлегуваат во градското јадро.
- Редовно чистење на шахтите и ободниот канал во горите зони на градот, се со цел капацитетите да бидат максимално искористени.
- Програма за замена на сегашните цевки кои ги одведуваат водите на тој дел на градот со нови спрема потребите, изработка на нови шахти ревизии за подобро справување со атмосферските води.
- Реконструкција на дел од фекалната и атмосферската канализација во Струмица.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, Централна власт.

## Паркинзи

Подобрување и зголемување на капацитетите на паркинг-простор на градот Струмица.

Во соработка со Министерството за здравство ќе бараме отстапување на паркингот во склопот на ЈЗУ Општа болница Струмица. Изградба на монтажен паркинг на местото на модуларната болница.

Рационализирање на трошоците и зголемување на приходите во начинот на работа и подобрување на дадената услуга.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

### Реконструкција на канал за атмосферски води на дел од ул. „Крушевска Република“ во Струмица- Фаза 2

Проектот е одобрен од Владата на Република Македонија од вториот повик од Министерството за локална самоуправа во вредност од 97.370.520 денари. Во следниот период ќе следи негова реализација.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, Централна власт.

### Довршување на нов урбанистички план за месноста Софилар

Со урбанизирањето на Софилар ќе добиеме нова модерна урбана населба. Изградба на соодветна патна и канализациона мрежа за потребите на граѓаните од тој дел на градот. Во Софилар како периферен дел од градот, ќе има поставено повеќе хидранти за потребите на ТППЕ.

Во делот на изведба на улици во месноста Софилар има предвидено девет улици со средства одобрени од Владата на Р. Македонија од вториот повик од Министерството за локална самоуправа, во вредност од 147.515.578 денари.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, Централна власт.

### ЈП за превоз на патници

Унапредување на работата на јавното претпријатие преку зголемување на капацитетите на истото со нови линии и кооперанти од приватниот сектор. Договори за соработка со соседните општини со цел да ја развиваме меѓу-општинската соработка преку подобрена мобилност на граѓаните и подобро поврзување со градот.

Поставување на автобуски постројки со табли за возниот ред кои граѓаните соодветно ќе ги користат спрема потребите.

Сето тоа ќе има за цел подобра услуга на граѓаните со поголема точност и утврдени термини за проток на патници од населените места до градот и обратно.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, Централна власт.

## Проекти во населени места

### Куклиш

- Асфалтирање на патот с. Куклиш - с. Сачево. Ова ќе придонесе за подобрување на инфраструктурата помеѓу населените места и подобра мобилност на луѓето од овој дел од Општината, како и подобар пристап до земјоделските површини од овој дел од Струмичкото Поле.
- Пешачка патека/Тротоар Струмица - с. Куклиш со соодветно улично осветлување и ревитализација на тротоарите во Куклиш.

- Ставање во функција на втора бушотина со пумпа за вода за потребите на водоводот во с. Куклиш.
- Чистење на каналите. Со тоа ќе имаме подобро одведување на атмосферските води кои навлегуваат во населеното место.
- Тампонирање на полските патишта.
- Завршување на Домот на културата.
- Хортикултурно уредување пред Домот на културата.
- Асфалтирање на повеќе улици.

## Банско

- Унапредување на туризмот преку подобрување на инфраструктурните услови во ова населено место.
- Изградба на филтер-станица. Проектот одобрен од Владата на Р. Македонија од вториот повик од Министерството за локална самоуправа во вредност од 29.728.512денари.

## Сачево

- Асфалтирање на повеќе улици;
- Проект и изградба на фекална канализација;
- Уредување на просторот во центарот на населеното место.

## Свидовица

- Асфалтирање на повеќе улици.

## Муртино

- Изградба на атмосферска канализација.

При секој пороен дожд Муртино има сериозен проблем со одведувањето на атмосферските води и е нај поплавувано село во Општината. Започнувањето на проектот неколкупати е најавуван но никако да започне. Новата Локална власт конечно не само што ќе го отпочне, туку ќе го реализира проектот согласно со потребите на граѓаните.

- Ревитализација на постоечкиот парк.
- Изградба на нов парк во близина на амбулантата и ставање во функција на игралиштето за фудбал.
- Во соработка со Централната власт, изградба на нова детска градинка или проширување на капацитетите на постоечката, како и подобрување на условите на истата за да може истата да ја користат и околните населени места.

## Габрово

- Подобрување на снабдувањето со вода за домаќинствата.
- Асфалтирање на улици.

## Градско Балдовци

- Тампонирање на полските патишта.
- Уредување на училишниот двор.
- Детско игралиште.
- Расчистување на депониите околу населеното место.

## Дабиље

- Тампонирање на полските патишта.
- Довршување на фекалната канализација и ставање во функција.
- Регулирање на атмосферските води и чистење на каналите за атмосферски води.
- Асфалтирање на повеќе улици.

## Просениково

- Тампонирање на полските патишта.
- Регулирање на атмосферските води и чистење на каналите за атмосферски води.
- Асфалтирање на повеќе улици.

## Добрејци

- Обновување на тротоарот во с. Добрејци. Довршување на тротоарското поврзување Струмица - с. Добрејци во соработка со ЈПДП.
- Тампонирање на полските патишта.
- Асфалтирање на повеќе улици.
- Уредување на каналот во Ново Добрејци
- Тротоарско поврзување со Струмица .

## Костурино

- Тампонирање на полските патишта.
- Асфалтирање на повеќе улици.
- Уредување на училишниот двор.
- Одржување на Домот.

## Вељуса

- Тампонирање на полските патишта.
- Асфалтирање на повеќе улици.

## Водоча

- Тампонирање на полските патишта.
- Асфалтирање на повеќе улици.

## Баница

- Чистење на дивата депонија пред селото.
- Тампонирање на полските патишта.
- Асфалтирање на повеќе улици.

## Попчево

- Уредување на објектите на месната заедница.
- Асфалтирање и одржување на улиците.

## Рич

- Асфалтирање и одржување на улиците.

## Завршување на канализационите мрежи во населените места и ставање во употреба, проширување на секундарни приклучоци се со цел подобрување на условите за живот во населените места.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, Централна власт.

## Објавување на продажба на земјиште во постојните индустриските зони.

## Обезбедување на нови површини за индустриски зони за потребите на локалната економија.

## Подобрување на инфраструктурата во индустриските зони како и проширување на атмосферската канализација во тој дел на градот.

## Активно ќе соработуваме со компаниите кои имаат свои капацитети во зоните, со цел да им излеземе во пресрет на бизнис-секторот и подобрување на бизнис- климата.



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## Изградба на ново Основно училиште во населба Карпош

Во моментов учениците од овој дел од градот учат во ОУ „Сандо Масев“. Со цел да се обезбедат подобри услови за одржување на наставата и едносменско работење, ќе изградиме нов, модерен училишен објект во новата населба Карпош.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, Централна власт.

- Обезбедување на училишни униформи за учениците.
- Наставно нагледни средства за настава за училиштата во Општината.
- Реновирање на училници.

## ОУ „Јане Сандански“

Инсталација на систем за греење во спортската сала.

## ОУ „Маршал Тито“

Нови санитарни простории и подобрување на хигиената.

## ОУ „Даме Груев“ Куклиш

Подобрување на хигиенски услови, реновирање на училници и административни простории.

## ОУ „Герас Цунев“ Просениково

Реновирање на соблекувалните во спортската сала.

## ОУ „Видое Подгорец“

Реконструкција на кров на спортската сала, реновирање на училници и административни простории.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, Централна власт.



# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## Е-Седници на Совет

Ќе воведеме целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник ќе има можност за учество, гласање и дискусија, без хартија, со можност за онлајн вклучување и целосна електронска евиденција. Секоја одржана седница ќе биде транспарентна, достапна за јавноста и документирана.

## Електронски услуги за граѓаните

Во соработка со Владата и меѓународни партнери, ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво. Приоритетни услуги за дигитализација ќе бидат: уверение за даноци, потврда за правен статус на објект (легализација), одобрение за адаптација / доградба / надградба, аплицирање за социјални услуги / субвенции, согласност за приклучоци (вода, струја, канализација и сл.), извод од Детален урбанистички план (ДУП) и согласност за користење на јавни и зелени површини.

## Е-систем за управување со предмети

Во соработка со Владата, ќе развиеме интегриран систем за електронско управување со документи и процеси. Оваа унифицирана, безбедна и модерна дигитална алатка овозможува целосно електронско управување со документи, предмети и административни процедури во рамки на Општината. Заради транспарентност и отчетност пред граѓаните, системот ќе овозможи следење на секоја фаза од работењето по одреден предмет – од неговото создавање, преку внатрешна циркулација и обработка, до неговото архивирање или уништување согласно законската регулатива. Системот е наменет да ги замени традиционалните хартиени процедури и архива со електронски потпис и печат, како и дигитална архива. Тоа ќе ја зголеми ефикасноста во комуникацијата помеѓу институциите, времето за обработка, трошоците за печатење и складирање, како и ризикот од човечки грешки или губење на документи.

## Е-систем за планирање на ресурси

Во соработка со Владата, ќе воведеме унифицирана софтверска платформа за планирање на ресурсите во Општината, интегрирана со трезорот и државното буџетско планирање. Оваа платформа, која ги интегрира и автоматизира клучните деловни процеси и податоци во смисла на материјалното и финансиско работење, ќе обезбеди унифицирано планирање на приходите и расходите, правилно буџетирање, поефикасна работа на општината, точни и навремени податоци за работата на Општината и оптимизација на трошењето на средствата.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина, Министерство за дигитална трансформација.



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

## Спортска сала во ОУ „Сандо Масев“

Изградбата на нова спортска сала за ОУ „Сандо Масев“ е долго ветувана и најавувана, но не е започната. Ова е училиште со најголем број запишани ученици во Општина Струмица со повеќе од 1360 ученици. Со зголемувањето на градот и изградбата на десетици згради кои територијално припаѓаат на регионот на училиштето, бројот на ученици од година во година се зголемува, а со тоа и реалните потреби на училиштето да добие модерна современа спортска сала за потребите на учениците.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина, Централна власт.

## Довршување на започнатиот затворен базен

Лоцирање на постоечките проблеми, план и програма за решавање и завршување на истиот во најкус можен рок. Бенефит ќе имаат граѓаните, посебно најмладите, бидејќи базенот ќе е од затворен тип и учениците ќе можат да го користат и за време на учебната година по план и програма.

За време на училишните распусти ќе има бесплатни курсеви по пливање на учениците организирани од Општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, Централна власт (Министерство за спорт и млади).

## Повеќенаменско игралиште во с. Банско

Во Банско ќе се изгради повеќенаменско игралиште. Банско е едно од најголемите населени места во општина Струмица и потребите на таков вид на игралиште е реална потреба. Преку подобрени услови за младите и жителите во населените места ќе придонесеме да се намали миграцијата село-град, а со тоа и граѓаните во населените места ќе имаат подобри услови за живот.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, Централна власт.

## Реконструкција и обновување на запоставените маалски игралишта

Поставување соодветна опрема и нивно осветлување, со цел младите да имаат повеќе места за спорт и во вечерните часови.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

## Справување со загаденоста на воздухот во Струмица

Ќе се направи план и стратегија на активности за намалување на загадувањето преку субвенционирање на домаќинствата со топлински пумпи и клима инвертори.

Поставување на повеќе мерни станици за следење на квалитетот на воздухот, се со цел повеќе информации за план за справување со загадувањето.

## Зелена агенда

Садење на илјадници дрвја на јавните површини, училишни дворови, обновување на дрвјата на постоечките улици, булевари, на новите булевари и тротоарски решенија. Во договор со станарите раззеленување на станбените дворови. Поставување на широка водоводна мрежа за нивно одржување.

Општината на годишно ниво ќе избира најуреден, најчист простор пред зграда, улица, двор и сл.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, Централна власт.

# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

Преку активно промовирање на туристичките локалитети, културните и спортски настани, Општината ќе придонесува за промоција на туризмот и реализација на големиот туристички потенцијал.

Подготовка на Туристичка мапа на сите културно историски локалитети како и на угостителски и сместувачки капацитети. Туристичката мапа ќе содржи целокупниот сместувачко-угостителски капацитет на Општината со податоци за нив, капацитет и услуги што се нудат. Истовремено ќе бидат обележани сите културни, археолошки, религиозни и спортско-рекреативни капацитети.

Сајтот постојано ќе се ажурира за подобри информации на туристите.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.



# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

- Иницијатива за регионален џез-фестивал, со тенденција да прерасне во меѓународен.
- Иницијатива за организирање рок-фестивал со натпреварувачки карактер на групи и самостојни музичари кои се на почетокот од нивната кариера. Би се доделувале награди за најдобра група, за најдобра песна или за најдобар текст.
- Воспоставување на соработка со Меѓународниот фестивал за детски театри „Игор Маџиров" организирано од Театар за деца и млади во Скопје, при што дел од претставите во програмата на фестивалот би гостувале и во Струмица.
- Соработка со Националниот џез-оркестар во Скопје, дел од нивната програма, барем еднаш до двапати годишно, да се изведе во Струмица.
- Соработка со Струшките вечери на поезијата, дел од поетите, веднаш по завршениот настап во Струга да гостуваат со вечерно читање во Струмица.
- Организирање на годишна фотографска изложба од натпреварувачки карактер во која би учествувале фотографи од Македонија, со тенденција изложбата да прерасне во меѓународна.
- Интернационален фестивал на афоризми и карикатура.
- Струмички карневал.
- Фестивал на староградски песни „Под кулите на Струмица".
- Меѓународна струмичка ликовна колонија.
- Фестивал на камерен театар „Ристо Шишков".
- Фестивал на источно црковно пеење.
- Поддршка на КУД „Боро Џони", Октет Струмица и Распеани струмичани.
- Астерфест.
- Нова форма на Струмичко културно лето.
- Поддршка на училишно-младински форми.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, Централна власт.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## ➤ Мобилна здравствена служба за рурални населби.

- Опис: Медицинско возило со тим (медицинска сестра и доктор) кои редовно посетуваат помали места.
- Бенефит: Пристап до здравствена грижа за сите, без разлика на локација.

**Извор на финансирање:** Општина Струмица во соработка со Министерство за здравство.

## ➤ Општински фонд за итна социјална помош.

- Опис: Брза и транспарентна финансиска помош за семејства во итна потреба (пожари, болест, сиромаштија).
- Бенефит: Безбедносна мрежа за најранливите категории.

**Извор на финансирање:** Општина Струмица.

ВМРО-ДПМНЕ